**20192714243**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 11 став (1) алинеја 14 и член 54-а став (4) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОСТОРНИТЕ, МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ И БЕЗБЕДНОСНИТЕ УСЛОВИ, КАКО И УСЛОВИТЕ ВО ОДНОС НА КАДАРОТ ЗА ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ВГРАДУВААТ УРЕДИ ЗА ПОГОН НА ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС И/ИЛИ НА КОМПРИМИРАН ЗЕМЈЕН ГАС ВО ВОЗИЛАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат просторните, материјално-техничките и безбедносните услови, како и условите во однос на кадарот за правните лица за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас во возилата, формата и содржината на барањето за овластување за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас во возилата со потребната придружна документација и трошоци за спроведување на постапката за овластување.

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „Гас“ е течен нафтен гас кој претставува смеша на пропан и бутан со UN ознака 1965 и меѓународна ознака LPG (liquefied petroleum gas) или компримиран земјен гас чиј работен притисок не надминува 20 MPa (220 bar), со UN ознака 1979 и меѓународна ознака CNG (compressed natural gas);
2. „Притисок“ е релативен притисок во однос на атмосферскиот притисок;
3. „Работен притисок“ е најголемиот притисок, кој се зема при проектирање на компонентите и врз основа на него се одредува цврстината на предметната компонента;
4. „Уред за погон на течен нафтен гас“, е уред составен од:

- резервоар за гас;
- вклучувајќи и додадената опрема која е вградена на резервоарот;
- испарувач/регулатор на притисок;
- вентил за ограничено полнење на 80 %;
- вентил за затворање;
- уред за шприцање на гас или шприцалка;
- надворешна единица за полнење;
- флексибилно црево;
- неповратен вентил;
- покажувач на нивото на полнење;
- вентил за подпритисок на гасната цевка;
- филтерска единица;
- сензор за температура и притисок;
- пумпа за гориво;
- сервисна спојка;

- електронска управувачка единица;
- разводен вод за гориво;
- уред за дозирање на гас;
- уред за растеретување (испусен уред);
- електрични уреди и инсталации.

5. „Уред за погон на компримиран земјен гас “, е уред составен од:
- резервоар (или цилиндер);
- вклучувајќи и додадената опрема која е вградена на цилиндерот;
- регулатор на притисок;
- автоматски вентил;
- рачен вентил;
- уред за довод на гас;
- регулатор на протокот на гас;
- флексибилни црева за гориво;
- метална цевка за гориво;
- единица или сад за полнење;
- управувачки или неповратен вентил;
- вентил за растеретување (испусен вентил);
- уред за растеретување од притисок (температурно се активира);
- филтер;
- сензор/индикатор на притисок и температура;
- вентил за ограничување на протокот;
- сервисен вентил (кој при сервисирање се затвора);
- електронско управувачка единица;
- куќиште кое е непропушта гас;
- приклучок;
- црево за вентилација;
- направа за растеретување на притисок (се активира со притисок).

## II. ПРОСТОРНИ, МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ, БЕЗБЕДНОСНИ И КАДРОВСКИ УСЛОВИ

### II.1. Просторни капацитети

#### Член 3

(1) Правното лице кое вградува уреди за погон од член 2 точка 4 и/или точка 5 од овој правилник, на возилата од категориите L, M1 и N1, треба да поседува простории потребни за вградување и сервисирање на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас и тоа: соодветен работен простор (работилница) со димензии најмалку 6 метри х 3 метри и висина 3 метри, а кој треба да ги задоволи условите во врска со надворешните димензии на возилата и во кои е овозможено непречено работење, магацин за резервни делови, магацин за чување на запаливи материи - боци за плин, канцелариски простор и техничка опременост за водење на евиденција и архивирање на документацијата, како и соодветен алат потребен за вградување и сервисирање на уредите за погон.

(2) Правното лице кое вградува уреди за погон од член 2 точка 4 и/или точка 5 од овој правилник, на возилата од категориите M2, M3, N2 и N3, треба да поседува простории потребни за вградување и сервисирање на уредите за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас и тоа: соодветен работен простор (работилница) со димензии најмалку 14 метри х 4,5 метри и висина 5 метри, а кој треба да ги задоволи условите во врска со надворешните димензии на возилата и во кои е овозможено непречено работење,

магацин за резервни делови, простор за чување на експлозивно запаливи материи - боци за плин, канцелариски простор соодветно опремен за водење евиденција и архивирање на документацијата како и соодветен алат потребен за вградување и сервисирање на уредите за погон.

(3) Просториите од став (1) и став (2) на овој член, треба да бидат оддалечени најмалку 100 метри од објект за домување, школа или детска градинка.

II.2. Материјално-технички капацитети

Член 4

Правното лице од член 3 на овој правилник треба да поседува апарат за вшмукување на гас од вградениот уред, од инсталацијата и од резервоарот за гас на возилото, со што ќе се овозможи работа на возилото со пристап од долната страна, во зависност од типот на возилото и видот на гас кој се вградува, заради спречување на создавање на смеши со опасни концентрации на гас.

Член 5

Правното лице од член 3 на овој правилник треба да има садови за чување (складирање) на гас во зависност од видот на гас, кој се вшмукува при сервисирање на уредите од член 2 точка 4 и/или точка 5 од овој правилник и опремата за погон на моторните возила.

Член 6

(1) За вградување на уреди од член 2 точка 4 и/или точка 5 од овој правилник, правното лице од член 3 на овој правилник треба да поседува механичарски, електричарски и лимарски алат потребен за изведување на инсталациски работи како и посебен алат кој е потребен согласно упатството од страна на производителот на уредите.

(2) Покрај алатот предвиден во ставот (1) на овој член, правното лице од член 3 на овој правилник треба да поседува и детектор за присуство на гас, за соодветно испитување на непропустливост на гасните уреди и опремата на возилото.

II.3. Безбедносни капацитети

Член 7

(1) Заради соодветна заштита од пожари и експлозии, правното лице од член 3 на овој правилник треба во просториите во случај на детектиран протечен гас да има поставено алармен систем и јасно воочливи ознаки за заштита од пожари и експлозии.

(2) Покрај ознаките предвидени во ставот (1) на овој член, правното лице од член 3 на овој правилник треба да поседува противпожарни уреди во согласност со прописите за заштита и спасување, како и соодветни упатства за сигурна работа и постапување во случаи на пожар и експлозија.

(3) Ако во просториите во кои се врши вградување и сервисирање на уреди за погон од член 2 точка 4 и/или точка 5 од овој правилник, има вкопан канал за вградување и сервисирање на уреди, потребно е во каналот да има вградено уред за детектирање на гас и систем на вентилација.

Член 8

За заштита на работниците, правното лице од член 3 на овој правилник треба да ги исполнува условите предвидени со прописите за безбедност и здравје при работа.

Член 9

Во случаите кога се сервисира резервоарот за гас од возилото, а работите се вршат со отворен пламен или со алат кој искри, тогаш пред отпочнување на работите, претходно со помош на апаратот за вшмукување се отстранува гасот во уредот и инсталацијата и преку резервоарот за гас на возилото се складира во посебен сад под притисок согласно член 5 од овој правилник. Испуштањето на гас во атмосферата не е дозволено.

Член 10

(1) За уредите и опремата за погон на моторни возила на гас од член 2 став (1) точка 4 и/или точка 5 на овој правилник, за вградување и одржување, правното лице од член 3 на овој правилник треба да има техничко-технолошка документација одобрена од производителот на уреди.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се однесуваат за цевките за вентилација, предвидени како заштитно куќиште со додадената опрема на резервоарот за гас, односно заштитното куќиште на резервоарот за гас со додадената опрема на резервоарот за гас.

(3) Техничко-технолошката документација од ставот (1) на овој член ги содржи сите технички цртежи со пресеци и детали, каталошка документација и документација од типско испитување.

Член 11

Техничките капацитети и безбедносните услови за вградување на уреди за погон од член 2 точка 4 и/или точка 5 од овој правилник, се потврдуваат со издавање на потврда за вграден уред за погон на течен нафтен гас или на компримиран земјен гас во возилото од страна на правното лице од член 3 на овој правилник, која содржи податоци:

- за возилото (марка, тип и регистарски број на возилото) како и
- карактеристики на составните делови на вградениот уред за ТНГ и КЗГ и тоа за: резервоарот за гас, арматура на резервоарот, куќиште на резервоарот/капак на арматурата, електро вентил со филтер за ТНГ, електро вентил за бензин, редуктор-регулатор (испарувач) за ТНГ, мешач за гас – воздух (плочка на карбураторот), октан селектор (прекинувач) на горивото со електрична инсталација, цевна инсталација и држач на резервоарот за гас, каде за секој дел е впишан: фабрички број, број на атест и негов производител.

II.4. Кадровски капацитети

Член 12

(1) За извршување на работите во врска со вградување на уреди од член 2 точка 4 и/или точка 5 од овој правилник, согласно одредбите на овој правилник, правното лице од член 3 на овој правилник треба да има вработено најмалку двајца вработени – сервисери од кои еден со завршена механичарска струка, машински техничар за моторни возила или авто механотроничар и еден со автоелектричарска или автоелектроничарска струка. Вработените лица треба да поседуваат документ - потврда за оспособеност за извршување на работи за вградување и сервисирање на уреди и опрема издаден од производителот на уреди за погон од член 2 точка 4 и/или точка 5 од овој правилник, или од овластено правно лице кое врши воспитно-образовна дејност за извршување на работи за вградување и сервисирање на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас.

(2) Правното лице од член 3 на овој правилник покрај вработените од ставот (1) на овој член, треба да има вработено лице, кое е обучено за складирање и дејствија поврзани со складирање на опасни материи (запаливи течности и гасови).

## III. ФОРМА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ КОЕ ВГРАДУВА И СЕРВИСИРА УРЕДИ

Член 13

(1) Барањето за овластување за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас, се поднесува во хартиена форма во А4 формат.

(2) Формата и содржината на барањето за овластување од став (1) на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

(3) Кон барањето од став (1) на овој член, правното лице од член 3 на овој правилник, ја приложува и следната потребна документација:

- доказ за упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија со регистрирана дејност за вршење на вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас во возилата;
- тековна состојба издадена од Централниот регистер на Република Северна Македонија;
- копии од обрасците М1/М2 за вработените лица кои се во редовен работен однос и доказ за нивната стручна подготовка и потврди за оспособеност за извршување на работи за вградување и сервисирање на уреди и опрема издаден од производителот на уреди за погон согласно член 2 точка 4 и/или точка 5 од овој правилник, или од овластено правно лице кое врши воспитно-образовна дејност за извршување на работи за вградување и сервисирање на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас;
- доказ за сопственост на деловниот простор или договор за закуп на деловниот простор;
- доказ за техничка опременост;
- доказ за склучен договор за осигурување од професионална одговорност;
- извештај за позитивен бонитет, а за правното лице кое е новоосновано, изјава од одговорното лице кај правното лице, дека во рок од шест месеци, сметано од денот на издавањето на решението за овластување, ќе достави доказ за позитивен бонитет;
- доказ за овластување од производителот на уредите и/или опремата што се вградува, дека може да ги вградува и сервисира неговите уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас во возилата;
- доказ за платена административна такса за издавање на решение за овластување согласно Законот за административни такси; и
- доказ за платени трошоци за вршење на увид од страна на Министерство за економија - Државен инспекторат за техничка инспекција.

## IV. ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 14

Висината трошоците за спроведување на постапката за овластување, преку извршен непосреден увид на правното лице од член 3 на овој правилник, од страна на инспекторите на Министерство за економија - Државен инспекторат за техничка инспекција, согласно ангажираниот персонал и времетраењето на постапката изнесува по 1.500,00 денари од ангажирано лице и по 500,00 денари од час, но не повеќе од 8.000,00 денари.

Член 15

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за просторните, материјално-техничките и безбедносните услови, како и условите во однос на кадарот за правните и физичките лица, кои вградуваат уреди за погон на течен нафтен гас, на компримиран земен гас  или друг гас („Службен весник на Република Македонија“ бр.94/09).

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 25-4316/5
17 декември 2019 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

**Прилог**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**С К О П Ј Е**

# БАРАЊЕ
## НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ
**за овластување за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас во возилата**

| | |
|---|---|
| **Назив и седиште на правното лице** | |
| **Единствен матичен број на субјектот (правното лице)** | |
| **На кои категории на возила ќе се вградува уред за погон на течен нафтен гас** | |
| **На кои категории на возила ќе се вградува уред за погон на компримиран земјен гас** | |
| **Лице за контакт** | |
| **Телефон за контакт** | |
| **e-mail адреса** | |

**НАПОМЕНА:**
**Кон Барањето се доставуваат:**

1. Доказ за упис во Централниот регистер на Република Северна Македонија со регистрирана дејност за вршење на вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас во возилата;
2. Тековна состојба издадена од Централниот регистер на Република Северна Македонија;
3. Копии од обрасците М1/М2 за вработениот стручен кадар во редовен работен однос кај правното лице согласно техничкиот пропис од соодветната област;
4. Доказ за користење на деловен простор или договор за закуп на деловниот простор;
5. Доказ за техничка опременост или договор заверен на нотар за користење на техничката опрема со важност од најмалку четири години;
6. Доказ дека е склучен договор за осигурување од професионална одговорност -полиса;
7. Доказ за позитивен бонитет, а за правното лице кое е новоосновано изјава од одговорното лице во правното лице дека во рок од шест месеци сметано од денот на издавањето на решението за овластување на правното лице за вршење на вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас во возилата, ќе достави доказ за позитивен бонитет;
8. Доказ за платена административна такса за издавање на решение;
9. Доказ за платени трошоци за вршење на увид од страна на Министерство за економија –Државен инспекторат за техничка инспекција;
10. Доказ за овластување од производителот на уредите и/или опремата што се вградува, дека може да ги вградува и сервисира неговите уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас во возилата;

**Скопје** **Подносител на барањето:**

________________ ________________